М-р Наталија Поп Зариева

Универзитет „Гоце Делчев“

Филолошки Факултет

Штип, Р.Македонија

М-р Крсте Илиев

Универзитет „Гоце Делчев“

Филолошки Факултет

Штип, Р.Македонија

АПСТРАКТ

ЦЕЛ: Да се проследи поврзаноста на двајца романсиери од 20 век, Симон Дракул, од срцето на Балканскиот полуостров и Џон Стеинбек, иако многу далечни географски, ја делат идејата за одметништво, изолираност и егзистенцијализам . „Белата долина“ на Симон Дракул и планините во “Бисерот” на Стеибек се еден вид чистилиште, метафора на вечната борба мегу доброто и злото, со неизвесни или трагични исходи. Она што е Змејко во белиот бескрај на долината, навидум див, ограничен и немоќен да се спротистави на стихијата, а сепак натприродно моќен со својата морална определба да се издвои од средината во која припага, на ист начин Кино, пронаогајќи го големиот бисер, се бори да избега од социјалната средина во која живее. И двајцата се борат за својата идеја, независност, за едниот борбата е внатрешна, во сопствените мисли, а другиот се бори во физичкиот свет, во планините кои го претвараат во животно. Во истовреме лирското артикулирање на исказот и длабокото пхихолошко сликање на ликовите е цел на нашата анализа, како и техниките на детално и живописно сликање на природата, кои ни ја наметнуваат идејата за човековото постоење како дел од природата, од која тој настанал и кон која секогаш се враќа.

ЗАКЛУЧОК: Двата автора ни поставуваат различни, а сепак слични морални дилеми, кои ги развиваат на своевиден уметнички начин, а кои се основа на постоењето на човековото битие каде и да се наоѓа.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: одметништво, изолираност, егзистенцијализам, добро и зло, внатрешна/надворешна борба, лирско артикулирање, човекот дел од природата

# РОМАНОТ ВО МАКЕДОНИЈА И АМЕРИКА ВО 20 ВЕК ПРЕКУ РОМАНИТЕ „БЕЛАТА ДОЛИНА“ НА СИМОН ДРАКУЛ И „БИСЕРОТ“ НА ЏОН СТЕИНБЕК И ПОКРАЈ РАЗЛИКИТЕ ВО ТЕМАТИКАТА, СО СЛИЧЕН ЛИРСКИ СЕНЗИБИЛИТЕТ И ВЕЧНАТА ИДЕЈА ЗА БОРБАТА НА ДОБРОТО И ЗЛОТО

## Вовед

Македонскиот роман се јавил во годините непосредно по Втората светска војна и претставува најмлад литературен вид во нашата земја. Никнувајќи и растејќи во специфични повоени околности , со отсуставо на искуство од минатото, македонскиот роман со интензивно љубопитство го следел растежот на романот надвор од националните граници, така што за релативно кratko време фатил чекор со него и се искачил на светско

естетско рамниште. На то ј начин светските прозни оставарувања наоѓаат одглас и во македонската романескна литература. Во овој ран период, македонските романсиери не се свртени само кон општите народни премрежија и патила, како Народноослободителната војна, пачалбарството, миграционите движења во периодот по војната, туку и кон индивидуалните егзистенцијални проблеми , многуликоста на живеењето со етички достоинства и деформации на современиците, немоќта на денешниот човек да излезе од ситуациите кои го тиштат во секојдневието.

За раниот период од развојот на македонскиот роман карактеристична е поделеноста на неговите творци на реалисти и модернисти. Но ваквата поделеност немала големо влијание врз развојот на романот, затоа што создадените дела не изразуваат остра спротивставеност на реалистични и модерни. Всушност тоа претставувал период кога македонските романсиери од надворешноста се свртиле кон внатрешноста на своите романсиерски ликови, истражувајќи го во нив психолошкото, односно се впуштиле во интензивно нуркање во интимата на човекот. Така, била напуштена конвенционалната фабула и прифатен моделот на монолошки-асоцијативен израз, медитативност и лирични ретроспекции.

Првата половина на 20от век во Америка претставува период кога писателите изразуваат бунт против постоечките општествени норми, напуштајќи ги вредностите и погледите на светот што влијаеле на американското општество и уметноста од раѓањето на нацијата. Промената била знак на самото време, на напредокот во технологијата, појавата на нови радикални општествени теории и двете светски војни кои го променила лицето на светот засекогаш. Промените во американското општество ги дисориентирале американците, сеејќи длабока недоверба во старите институции. Токму оваа нова несигурност и целосна двосмисленост станала вистинскиот стил на романсиерите во овој период. Нивните дела изразувале нов повоен поглед на светот, свет на новооткриени двосмислености, свет без јасна граница меѓу доброто и злото. Недовербата кон институциите довела кон раѓање на еден нов фокус во литературата, а тоа е индивидуата. Така, изгледало дака разумот на поединката, недопрен од општественото влијание, е единствениот валиден авторитет кога се работи за значајни прашања. Обидувајќи се да го преиспитаат нивниот однос кон општеството, романсиерите го промениле фокусот на пишување од едноставно бележење на светот во кој живееле кон искажување на свое мислење за светот исто така. Биле разнишани стереотипите за жената како граѓанин од втор ред. Некои романсиери сметале дека класните проблеми се од најголемо значење, како новелите на Стеинбек (*Cannery Row* и *Of Mice and Men),* кои го прикажуваат тешкот живот на фармерите во Калифорнија;а класичната новела на Скот Фицџералд *The Great Gatsby* поставила длабок јаз меѓу богатата општествена елита и останатите луѓе.

## Текст

Главната карактеристика што го бележи и македонското и америкнското романсиерство во втората половина на 20от век покрај храброто експериментирање со стилот и формата, е отфрлањето на сентименталноста и свртување кон реалноста; и секако интересот кон индивидуата и нејзиниот внатрешен свет.

Еден дел од македонската романсиерска традиција во повоениот период е свртен кон македонското село, кон неговите суштински белези особено во повоениот развиток,

прикажувајќи ги забрзаните преобразби на луѓето и животот во него. Така, селската егзистенцијална средина се населува во македонската романсиерска проза давајќи и впечатлив и треан белег. Појавата на Симон Дракул во тие години претставува едно освежување. Инспирацијата за своето творештво ја црпи од животот на неговиот роден крај. Според Јован Бошковски: „Симон Дракул експлоатира една златна жица од тематската сокровишница што му ја нуди родниот предел, и луѓето што го населуваат тој предел, со своите необилни судбини и психологии.“

На крајот од првата половина на векот, на американско тло, романсиерот Џон Стеибек ја создава својата новела „Бисерот“ и ја сместува во едно мало мексиканско-индијанско селце Ла Паз, на полуостровот Баја. Во своите романи тој често обработува социјални теми, фокусирајќи се на економските проблемите на руралниот труд. Приказната за Кино, сиромашен рибар, го истражува деструктивниот ефект од колонијализмот на традиционалната домородна култура. Пронаоѓањето на големиот и скапоцен бисер го исполнува Кино со желба да го напушти едноставниот, идиличен живот и да тргне во остварување на сонот за материјален и општетствен напредок; сон кој ќе наиде на отпор од страна на шпанската колонијална моќ на врвот од хиерархијата на светот во кој живее Кино. Неговите идни дејства го водат кон смртта на неговиот син и негово оттуѓување од културната традиција на неговиот народ, кој исто така е затруен од слична деструктивна сила, бидејќи материјализмот втемелен во империјализмот всадува љубов кон профитот во побожното домородното население.

И Дракул се навраќа кон селото, со цел да покаже дека може да постои еден здрав вид на живот што се потпира на традицијата, но ја согледува неможноста тоа да се случи поради социјалните статусни услови на селскиот живот.

И покрај постоењето на иста социјална основа во градењето на двата романа „Белата долина“ и „Бисерот“ мојата намера е повеќе да се насочам кон главните ликови, сликањето на нивниот внатрешен живот, борбата која ја водат и карактерот на нивната побуна, а воедно и постоењето на вечни и основни теми и етички дилеми, како и начинот на справување со нив. Секако, ќе се осврнам на романсиерскиот стил и карактеристики на двајцата автори Симон Дракул и Џон Стеинбек.

Тематски, Симон Дракул се определил за приказна за осаменикот. Во идиличниот амбиент на Белата долина, Змејко доживува свое внатрешно прочистување, катарза. Тој заминува во планината за да го одржи својот живот, да расчисти со многу работи кои го мачат, кои му се наметнуваат,а извираат од неговото минато, како гласови кои на му даваат мир, кои бараат од него да пронајде начин како да го продолжи својот живот меѓу разнишаните вредности и да си ја врати загубената верба. Борбата на Змејко е во самиот себе, во својот внатрешен свет. Тоа е борба да се избори за чист и возвишен живот. За него не постојат дилеми за доброто и злото, за постоење на полувредности и полувистина. Затоа тој не може да се доближи ни малку до луѓе кои го рушат тој негов идеал за човекот и човековото постоење. Змејко со целото свое битие се бори против заразната расипаност на луѓе како Претседателот Езикил. „Сакам да сочувам во себе си нешто цело, сакам да бидам цел.“ Затоа Змејко бега, да се подложи на искушение за да го совлада темниот немир кој му создава сомнежи во она за што дотогаш се живеело и во што се верувало. Змејко во себе носи вродени етички вредности кои не може ниту да ги промени, ниту целосно да ги напушти, затоа што тие се дел од него, од неговото суштинско битие, еден

неразделлив дел. За него Миодраг Друговац вели дека е „етички херој“. Доброволното одметништво е израз на неговиот револт, внатрешна борба против човечката неморалност, но и опшествената неетичност типични за времето во кое живеел, периодот на социјализмот.

Гледано пошироко, социјалната и моралната побуна на Змејко ги надминува границите на една индивидуа. Иако причините за своето бунтување Змејко ги наоѓа во расипаноста на луѓето од Задругата, се наметнува идејата дека самосвесното определување за самотност до физичко самоуништување претставува слика на човечката отуѓеност во цивилизациски размери. На тој начин Дракул ги надминува и националната и гео-политичката средина и третира една тема која е основна и суштинска во современото општество.

Во романот на Стеибек, главниот лик, Кино, е претставен како физички и морално силна личност, со вродени етички вредности, како почитување на семејството, традицијата, вербата во Бога. Тој е мотивиран од љубовта кон неговото семејство, лојалноста кон традициите на неговото село, и фрустрацијата од потиснатоста на неговите луѓе од колонизаторите. На почетокот од романот тој е сосема задоволен од својот живот. Но две случки, со опасната скорпија и бисерот го менуваат неговиот животен тек. Луѓето се менуваат, особено под влијание на општествената средина, тие имааат избор во животот и во суштина се прагматични. Така, Кино соочен со расистичкиот и материјалистички став на претставникот на колонизаторите, лекарот кој одбива да го лечи неговиот син укасан од скорпија, откако ќе го пронајде големиот и скапоцен бисер, кој не само што може да му помогне во лекувањето на детето, туку и во материјален напредок и успех во општеството, излез од малото селце и од сиромашната колиба, тргнува во битка за подобар живот. Борбата на Кино да го спаси својот син и семејството од бедата и расистичката средина во која живееле, го води низ патот на одметништво, физичка пресметка со луѓето кои го следат за да му го дземат драгоцениот бисер, претварајќи го во личност која порано не бил, личност која посегнува по туѓи човечки животи. За на крај, во битката да заврши поразен, да изгуби се: најмилото нешто за кое се борел, достоинството, верата. Но, можеби битката што ја водел била неизбежна да сфати дека алчноста и материјазимот кој го наметнуваат колонизаторите се една голема лага и така поразен, но воедно и духовно прочистен, тој сепак собира храброст да се врати меѓу своите соселани, ризикувајќи да биде прифатен или одбиен, осуден или сожалуван.

Ликот кој Стеинбек многу живо и сликовито го насликал, а претсавува паралелен имиџ на Дракуловиот Езикил, претставува докторот кој одбива да го спаси животот на Којотито, на почетокот од романот, затоа што Кино нема доволно пари . Тој ја претставува ароганцијата на колонизаторите, но и својата неограничена нехуманост, во професијата која во основа бара хумана личност. Во основа на сето тоа стои неговата убеденост во неговата сопствена културна супериорност над Кино, и преку него Стеибек веројатно имплицитно го обвинува целото колонизаторско општество за таква деструктивна ароганција, алчност и амбиција. Европските цивилизатори кои владеат со Кино и неговите луѓе се прикажани како причина за уништувањето на навиноста, побожноста и чистината на домородното општество.

Судирот на Кино во „Бисерот“ е основа во поради социјалните услови кои владееле во сиромашното колонизирано селце, но и поради постоењето на неетичко, дескриминаторско однесување кон домородното население; како и во „Белата долина“ во

која Змејко е самопрогонет поради социјалните услови во руралните места во тој период, но и поради невозможноста да се спротивстави на неморалноста и етичката деградираност на луѓето од Задругата. Во двата романа главните ликова минуваат низ промена. Промената им помага да расчистат морални проблеми или дилеми кои се однесуваат на алчноста, лагата наспроти вистината, доброто наспроти злото.

Некои од најубавите страници на Дракул се описите на природата. Ожививајќи ги боите и звуците, целата природа станува неисцрпен извор на животот, и основа на која се одвиваатдеталите на епското раскажување. За префинетоста на неговата лирика потврдуваат бројни описи на планините и рудините, на белите виуличави ноќи со волчји заби што од секаде демнат во дивината, но и во човекот. Тој создава спој маѓу планината и човекот, ја прикажува проникнатоста на човекот со природата, со небото над себе. Исчекувањето на нападот на волкот во замрзнатата планинска ноќ, средбата со срнчето судирот со мечката, гонењето на самјакот се силни слики на природата кои не произлегуваат само од дискриптивната вештина на авторот туку од треперањата на онаа посебна морална атмосфера што ги проникнува, што е ставена во функција на неуморната снежна одисеја на главниот јунак. Надвор од животната драма на Змејко, истргнати од идејниот контекст на романот, планинските превои, шумските растенија и тревки остануваат само физички предмети. Змејко и природата како времено засолниште, како простор кој и нуди поддршка на изолираната човечност, Дракул низбежно го става човекот во неговата првобитна и исконска средина- природата.

„Тогаш бараше со погледот ненаврнати дири од заеци и од друга дивина, меѓу стеблата; гледаше кревки букови фиданки, кутнати под снегот; изнаоѓаше парче зеленце во таа еднообразна белина:- притулена смрека, илузија за зеленило пред отворените погледи на засонуваните зајковци...Тогаш се чувствуваше ослободен од нешто замрсено и погано и мислеше само на тој снег, гелдаше само наврнати дрвја пред себе и откриваше голинки и пресеки...Освојуваше чекор по чекор од таа белина и тоа сега никој не можеше да му го расипе, никој не му тежење со своето присуство и тој изнаоѓаше нови радости за својот поглед и за своето тело; беше доживување за него тоа што можеше да ја сака слободно таа бела тишина пред себе и постојано да изнаоѓа во себе едно чудно разбирање со тој простор. Беше тоа за него речиси како некој разговор со некој од оние ретки, стари пријатели, за кои воопшто не си се надевал дека ќе ги сретнеш, таква беше неговата средба со белата снежна шума.“

Стеинбек во „Бисерот“исто така ни нуди жив опис на природата

“The beach was yellow sand, but at the water’s edge a rubble of shell and algae took its place. Fiddler crabs bubbled and sputtered in their holes in the sand. The sea bottom was rich with crawling and swimming and growing things. The brown algae waved in the gentle currents and the green eel grass swayed and little sea horses clung to its stems. The poison fish ley on the bottom in the eel-grass beds, and the bright coloured swimming crabs scampered over them... Across the estuary from the town one section of mangroves stood clear and telescopically defined, while another mangrove clump was a hazy black-green blob. Part of the far shore disappeared into a shimmer that looked like water.”

Но еден од најголемите успеси и карактеристики на Стеинбек е фузирањето на реалистичното и лиричното во создавањето на еден вид бајка со своја сопствена текстура

и структура. Неговата покорна лиричност која носи навестување на злото никогаш не претерува кон прекумерна елегичност. Во таква улога се ставени песните кои се проткаени низ нарацијата, а навестуваат најчесто некоја опасност или доаѓање на злото. Појавата на сорпијата е придружена со Песната на Злото. Кога Кино го наоѓ бисерот музиката на бисерот се крева како оркестар од труби во неговите уши, а Песната на Семејството, силна како продорен извик се слуша по смртта на Којотито. Овој тек на музиката ја прави приказната компактна, со ритам и хармонија. А пак, животинските слики кои ги користи Стеинбек во форма на „коза која душка и се ѕвересо нејзините жолти очи“ исто така не подготвуваат за злото кое се приближува. Оваа живописна употреба на животински слики го отсликува дивиот, суров и примитивен инстинкт кај човекот.

И стилот на Дракул е карактеристичен со реална симболика, слична со онаа на Стеинбек, но сепак со суштина различна и својствена само на Дракул. Тој создава една динамичка слика на природата, оживувајќи ги боите и звуците, целата природа во Долината станува неисцрпен извор на неговата лирско- епска раскажувачка илузија. Во неговото пишување се забележува соединување на гласот и сликата на природата  и потрагата за она што во јунакот е длабоко човечки и животно всадено, потрагата по вродените етички вредности . Во овој поглед Дракул успеал да стигне чекор напред пред многу светски современи романописци, па и во однос на Стеинбековата раскажувачка дарба. Дракул оди длабоко во разоткривање на најситните искри, пориви, начела на ликот притоа проткајувајќи ги во една прекрасна тапісерија на лирични пејсажи на природата и силна симболизација на доживеаното, придонесувајќи за нивната ширина и длабочина.

## Заклучок

Разгледувајќи ги овие два автори, романсиери, не со цел да увидам дека едниот или другиот предничи во еден или друг поглед, дојдов до многу интересни увиди и сознанија. Иако честопати македонските романсиери, па и Дракул е споредуван со романсиери од словенско говорно подрачје, како Шолоховиот Атаманчуков на пример, сакав да направам споредба меѓу македонскиот роман и романот во повоениот период во Америка, кои иако разделени географски и без никакви историски поврзаности, одразуваат сличен лиричен сензибилитет, второстепено обработуваат социјални теми, но во центарот на вниманието на реманописанието сепак стојат исконските теми за вечната борба на доброто и злото, вистината и лагата, како да се живее во склад со природата што ја создал Бог.

Библиографија

Бошковски, Петар,. Мицковиќ, Слободан,. Старделов, Георги,.*Македонскиот роман.* Култура. Скопје 1972

Георгиевски, Христо, *Македонскиот роман 1952-2000*. матица македонска. Скопје. 2002

Дракул, Симон, *Белата долина.* Култура. Скопје. 1980

Друговац, Миодраг, *Историја на македонската книжевност 20ти век.*Мисла. Скопје. 1990

Здравковски, Цане, *Растежот на македонскиот роман.* Логос. Битола 1994

Стеунбек, Џон, *Бисерот.*Њујорк. Пингвинбукс. 1990